ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ
**ЈАСЕН**

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“
Бр. 02 - 240/1
27.04. 2026 год.
СКОПЈЕ

*Влада на Република Северна Македонија*

*Бр. ___________*
*Скопје,*

***ЈПУЗПП ЈАСЕН***
*11 Октомври 23 а*
*1000 Скопје*
*Тел. (02)3115-016*
*(02)3239-019*
*info@jasen.com.mk*
*www.jasen.com.mk*

Врз основа на член 4 од Договорот за користење на риби и други водни организми за организирање на рекреативен риболов на рекреативна зона „КОЗЈАК-ПОРЕЧКО ЕЗЕРО“, од риболовно подрачје „КОЗЈАК“, склучен помеѓу Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство и ЈПУЗПП „ЈАСЕН“ – Скопје, како корисник (бр. 33-6678/1 од 16.05.2025 година), а во согласност со Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на РМ“ број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 115/15, 193/15, 39/16, 83/18, 150/21 и 64/24) и Риболовната основа за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовно подрачје риболовна вода „ КОЗЈАК-ПОРЕЧКО ЕЗЕРО “ („Службен весник на РМ“ број 64/24), се донесува следната:

## ОДЛУКА

### за воведување привремени мерки за заштита и користење на рибниот фонд во акумулација „КОЗЈАК“ (за периодот од 01 мај до 15 јуни 2026 година)

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат привремени мерки за заштита и одржливо користење на рибниот фонд во акумулација „ КОЗЈАК “.

Член 2

Во периодот од 01 мај до 15 јуни 2026 година се забранува лов на крап (Cyprinus carpio, Linnaeus 1758)

Член 3

Мерките се однесуваат за период од 01 мај (петок) до 15 јуни (понеделник).Корисникот на риби го задржува правото да го продолжи мрестот на рибите од член 2 доколку има потреба.

Член 4

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето и ќе се применува во наведениот период.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со донесувањето на оваа одлука се воведуваат привремени мерки со цел заштита на рибите и другите водни организми во акумулација „КОЗЈАК“ во периодот на природен мрест, кога рибите се најосетливи и подложни на незаконит и прекумерен улов.

Забраната за лов на крап (Cyprinus carpio) е утврдена согласно нивните биолошки карактеристики и периодот на мрестење, со цел да се обезбеди успешно природно размножување и одржување на популациите.
Со можноста корисникот на риби да го продолжи периодот на мрест доколку има потреба, се овозможува флексибилно управување со рибниот фонд, во зависност од реалните услови на терен (температура на вода, хидролошки услови и сл.).
Дополнително, мерките придонесуваат за правилно управување со водниот ресурс, одржување на екосистемот и зачувување на биолошката разновидност во акумулацијата.
Овие мерки се во насока на долгорочна заштита, обновување и унапредување на рибниот фонд, како и обезбедување квалитетен и одржлив рекреативен риболов.
Латинските синоними на видовите риби се по номенклатура на Kottelat и Freyhof од 2007 година.

Со почит,

Скопје, 27.04.2026 година

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје
Директор
Ангеле Сотировски